**20101563294**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 77 став 1 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08 и 72/10), министерот за внатрешни работи, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ ЗА ОРУЖЈЕТО И МУНИЦИЈАТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција („Службен весник на Република Македонија“ број 94/09 и 2/10) во членот 1 по зборовите: „потврдата за поседување на оружје,“ се додаваат зборовите: „потврда за поседување на оружје за заменување на дозволата за поседување на оружје, потврда за поседување на оружје кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба,“, а по зборовите: „трајно онеспособено за употреба,“ се додаваат зборовите: „потврда за поседување на огнено оружје што е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба“.

Член 2

По членот 12 се додаваат два нови члена 12-а и 12-б, кои гласат:

„Член 12-а

Образецот на потврдата за поседување на оружје за заменување на дозволата за поседување на оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 x 30 см.

Во потврдата од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: имателот на дозволата за поседување на оружје, регистарскиот број на дозволата за поседување на оружје која се заменува, орган на издавање на дозволата за поседување на оружје која се заменува, оружјето кое се поседува (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број), како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган.

Во долниот дел на потврдата од ставот 1 на овој член, се испишани зборовите: „НАПОМЕНА: Со оваа потврда оружјето не може да се употребува“ (Образец број 17-а).

Член 12-б

Образецот на потврдата за поседување на оружје кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 x 30 см.

Во потврдата од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: имателот на оружјето кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба (физичко или правно лице), трговското друштво кое ја извршило техничката постапка за привремено онеспособување (деактивирање) на оружјето, техничката постапка со која оружјето привремено е онеспособено (деактивирано) за употреба, оружјето кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба (категорија, тип, односно вид, калибар и фабрички број), исправа за оружјето (регистарски број, датум на издавање и назив на исправата за оружјето), потпис на овластеното лице на комисијата на надлежниот орган за издавање на потврдата за оружјето кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба и печат на надлежниот орган за издавање на потврдата за оружје кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба (Образец број 17-б).“

Член 3

По членот 14 се додава нов член 14-а, кој гласи:

„Член 14-а

Образецот на потврдата за поседување на огнено оружје што е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 см.

Во потврдата од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: имателот на оружјето кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба (физичко лице), оставинското решение, трговското друштво кое ја извршило техничката постапка за привремено онеспособување (деактивирање) на оружјето, техничката постапка со која оружјето привремено е онеспособено (деактивирано) за употреба, оружјето кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба (категорија, тип, односно вид, калибар и фабрички број), исправа за оружјето (регистарски број, датум на издавање и назив на исправата за оружјето), потпис на овластеното лице и печат на надлежниот орган за издавање на потврдата за оружје кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба.

Во долниот дел на потврдата од ставот 1 на овој член, се испишани зборовите: „НАПОМЕНА: Со оваа потврда оружјето не може да се употребува (Образец број 19-а).“

Член 4

Во членот 25 став 1 по точката 7 се додаваат две нови точки 8 и 9, кои гласат:

„8. Регистар на издадени потврди за поседување на оружје за заменување на дозволи за поседување на оружје;

9. Регистар на издадени потврди за поседување на оружје кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба;“

Точките 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 стануваат точки 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16.

По точката 15, која станува точка 17 се додава нова точка 18, која гласи:

„18. Регистар на издадени потврди за поседување на огнено оружје што е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба;“

Точките 16, 17, 18, 19, 20 и 21 стануваат точки 19, 20, 21, 22, 23 и 24.

Член 5

По членот 32, се додаваат два нови члена 32-а и 32-б, кои гласат:

„Член 32-а

Регистарот на издадени потврди за поседување на оружје за заменување на дозволи за поседување на оружје ги содржи следниве рубрики: реден број, регистарски број на потврдата, датум на потврдата, физичко лице, оружје и забелешка (Образец број 45-а).

Во образецот на регистарот од ставот 1 на овој член се запишуваат следниве податоци: во рубриката „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката „Регистарски број на потврдата“ се запишува регистарскиот број на потврдата за поседување на оружје за заменување на дозвола за поседување на оружје; во рубриката „Датум на потврдата“ се запишува датумот на издавање на потврдата за поседување на оружје за заменување на дозвола за поседување на оружје; во рубриката „Физичко лице“ се запишуваат името и презимето, живеалиштето, односно престојувалиштето и ЕМБГ на физичкото лице; во рубриката „Оружје“ се запишуваат категоријата, типот, односно видот, марката, калибарот и фабричкиот број на оружјето и во рубриката „Забелешка“ се запишуваат промените што се од значење за промена на податоците кои се предходно запишани во регистрите.

Член 32-б

Регистарот на издадени потврди за поседување на оружје кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба ги содржи следниве рубрики: реден број, физичко или правно лице, оружје, трговско друштво, регистарски број и датум на одобрението за производство на оружје и муниција и поправање на оружје, техничка постапка, исправа за оружје и забелешка (Образец број 45-б).

Во образецот на регистарот од ставот 1 на овој член се запишуваат следниве податоци: во рубриката „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката „Физичко или правно лице“ се запишува името и презимето, живеалиштето односно престојувалиштето и ЕМБГ за физичкото лице, односно фирмата, седиштето и даночниот број за правното лице, сопственик на оружјето кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба; во рубриката „Оружје“ се запишува категоријата, типот, односно видот, марката, калибарот и фабричкиот број на оружјето кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба; во рубриката „Трговско друштво“ се запишува фирмата, седиштето, даночниот број и шифра на дејноста на трговското друштво кое ја извршило техничката постапка за привремено онеспособување (деактивирање) на оружјето, во рубриката „Регистарски број и датум на одобрението за производство на оружје и муниција и поправање на оружје“ се запишува регистарскиот број и датумот на издавање на одобрението за производство на оружје и муниција и поправање на оружје; во рубриката „Техничка постапка“ се запишува техничката постапка со која се врши привремено онеспособување (деактивирање) на оружјето; во рубриката „Исправа на оружјето“ се запишува регистарскиот број, датумот на издавање и рокот на важење на исправите за оружјето и во рубриката „Забелешка“ се запишуваат промените што се од значење за промена на податоците кои се предходно запишани во регистрите.“

Член 6

По членот 40, се додава нов член 40-а, кој гласи:

„Член 40-а

Регистарот на издадени потврди за поседување на огнено оружје што е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба ги содржи следниве рубрики: реден број, регистарски број на потврдата, датум на потврдата, физичко лице, оружје, број на оставинско решение и забелешка (Образец број 53-а).

Во образецот на регистарот од ставот 1 на овој член се запишуваат следниве податоци: во рубриката „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката „Регистарски број на потврдата“ се запишува регистарскиот број на потврдата за поседување на оружје издадена за огнено оружје што е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба; во рубриката „Датум на потврдата“ се запишува датумот на издавање на потврдата за огнено оружје што е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба; во рубриката „Физичко лице“ се запишуваат името и презимето, живеалиштето, односно престојувалиштето и ЕМБГ на физичкото лице; во рубриката „Оружје“ се запишуваат категоријата, типот, односно видот, марката, калибарот и фабричкиот број на оружјето; во рубриката „Број на оставинско решение“ се запишува бројот и датумот кога е донесено оставинското решение и во рубриката „Забелешка“ се запишуваат промените што се од значење за промена на податоците кои се предходно запишани во регистрите.

Член 7

Обрасците број 17-а, 17-б, 19-а, 45-а, 45-б и 53-а се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14.1-93405/1
27 ноември 2010 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

Образец број 17-а

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

____________________________________

(назив на организационен облик)

Број________________________________

____________________________година

______________________________

Врз основа на член 21 став 4 од Законот за оружјето ("Службен весник на РМ" бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08 и 72/10) се издава

## ПОТВРДА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ

за заменување на дозвола за поседување на оружје

На ___________________________родени-а_________ година,
(име и презиме)
во _________________________ државјанин на ________________ ЕМБГ ___________________ со живеалиште, односно престојувалиште во_________________ држава _________________ .

**МУ/ И СЕ ЗАМЕНУВА** дозволата за поседување на оружје со регистарски број _____________________ издадена од __________________ со **ПОТВРДА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ** категорија _____________ вид, односно тип ________________ марка_________________калибар_________________мм фабрички број____________________.

**НАПОМЕНА**: Со оваа потврда оружјето не може да се употребува.

**М.П.** **ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ**

________________________

Образец број 17-б

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
______________________________________
(назив на комисија)
Број_______________________________
______________________________година
________________________________

Врз основа на член 51-б став 2 од Законот за оружјето ("Службен весник на РМ" бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08 и 72/10) се издава

**ПОТВРДАТА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ КОЕ Е ПРИВРЕМЕНО ОНЕСПОСОБЕНО (ДЕАКТИВИРАНО) ЗА УПОТРЕБА НА ОРУЖЈЕ**

А) ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ (ИМАТЕЛ НА ОРУЖЈЕ)
_________________________________________________________________
(име и презиме)
ЕМБГ__________________________________________
Дата на раѓање ____________________________________
Место на раѓање___________________________
_________________________________________________________________
(држава, општина, улица и број)

Б) ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ (ИМАТЕЛ НА ОРУЖЈЕ)
_________________________________________________________________
(Фирма/назив на правното лице)
_________________________________________________________________
(Седиште на правното лице)
Трговско друштво _______________________________________________
(Фирма/назив на правното лице)
со извршување на техничката постапка _______________________________
(Опис на техничката постапка)

ПРИВРЕМЕНО ГО ОНЕСПОСОБИ (ДЕАКТИВИРА) ЗА УПОТРЕБА ОРУЖЈЕТО од категорија_______________, тип односно вид ________________, марка____________, со калибар __________, фабрички број ____________, со издадена исправа _________________________, со регистарски број __________
(назив на исправата за оружјето)
датум на издавање на исправата __________________.

**М.П.** **ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ**
__________________

Образец број 19-а

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

______________________________________

(надлежен орган)

Број_______________________________

_____________________________година

______________________________

Врз основа на член 21 став 5 од Законот за оружјето („Службен весник на РМ” бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08 и 72/10) се издава

**ПОТВРДА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ШТО Е ПРИВРЕМЕНО ОНЕСПОСОБЕНО (ДЕАКТИВИРАНО) ЗА УПОТРЕБА**

ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ (ИМАТЕЛ НА ОРУЖЈЕ)

_________________________________________________________

(име и презиме)

ЕМБГ_____________________________________

Дата на раѓање _______________________________

Место на раѓање________________________

__________________________________________________________

(држава, општина, улица и број)

Оставинско решение број ________________од __________________

________________во __________________________.

Трговско друштво ____________________________________________

(Фирма/назив на правното лице)

со извршување на техничката постапка ____________________________

(Опис на техничката постапка)

ПРИВРЕМЕНО ГО ОНЕСПОСОБИ (ДЕАКТИВИРА) ЗА УПОТРЕБА ОРУЖЈЕТО од категорија______________, тип односно вид ________________, марка___________, со калибар _________, фабрички број ___________, со издадена исправа ______________________, со регистарски број _________

(назив на исправата за оружјето)

датум на издавање на исправата ________________.

**НАПОМЕНА**: Со оваа потврда оружјето не може да се употребува.

**М.П.** **ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ**

_______________

Образец број 45-а

Регистар на издадени потврди за поседување на оружје за заменување на дозволите за поседување на оружје

| Реден број | Регистарски број на потврдата | Датум на потврдата | Физичко лице | Оружје | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**Образец број 45-б**

**Регистар на издадени потврди за поседување на оружје кое е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба**

| Реден број | Физичко или правно лице | Оружје | Трговско друштво | Регистарски број и датум на одобрението за производство на оружје и муниција и поправање на оружје | Техничка постапка | Исправа за оружјето | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Образец број 53-а

**Регистар на издадени потврди за поседување на огнено оружје што е привремено онеспособено (деактивирано) за употреба**

| Реден број | Регистарски број на потврдата | Датум на потврдата | Физичко лице | Оружје | Број на оставинско решение | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |